**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 ноември 2001 година**

Седницата се одржа во салата за седници во Собранието на Република Македонија, со почеток во 1,00 часот.

Со седницата раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 5 - Предлог за одземање на мандатот на пратеникот Хисни Шакири.

Ве молам седнете.

Извештајот, со предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања ви е поделен.

Одземањето на мандатот на пратеник го утврдува Собранието со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор.

Има збор господин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија има дневен ред што го усвоивме. После точката 3 која гласи Усвојување на амандманите на Уставот на Република Македонија, доаѓа точката 4 - Предлог на закон за грб на Република Македонија па потоа точката 5 - Предлог за одземање на мандатот на пратеникот Хисни Шакири. Значи, ова не кореспондира со дневниот ред и доцна е.

Бараме, за усогласување на ставовите на нашата пратеничка група како ќе постапиме по ова сега бараме еден час пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само сакам да ве потсетам, само момент, ова е договор на координаторите што го имаме. Во текот на усвојувањето на амндманите требаше да ја разгледаме оваа одлука. (Реакции во салата).

Можеме, можеме. Немојте сега да комплицирате. Сосема можеме сега. Како не можеме. Тоа е стар договор, не е сега договор. Немојте, што ми годи ќе донесуваме, што не ни годи не донесуваме. Не бива така.

Има збор Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине претседателе, во име на пратеничката група на ДПА а исто така пратеничката група на ПДП бара пауза, па затоа предлагам да завршиме со ова што вечерва, започнавме со уставните амандмани, ги прогласивме, има ден утре, задрутре.

Јас предлагам, бидејќи две пратенички групи бараат пауза, да го уважите барањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Половина час пауза, но сите да бидеме тука и да продолжиме со работа.

(На пауза пратениците заминаа во 1,05 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 01,25 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Петтата точка од Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија - Предлог за одземање на мандатот на пратеникот Хисни Шаќири.

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања Ви е поделен.

Одземањето на мандатот на пратеникот го утврдува Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас ќе зборувам во име на Пратеничката група на ДПА. Ние сметавме дека вечерва не требаше да биде тема на дискусија оваа точка. Но, сепак седницата продолжи.

Сметаме дека со ставањето на оваа точка на дневен ред, после усвојувањето на уставните амаднмани и после тешките преговори за постигнување на Рамковниот договор каде како држава предвидовме и ветивме на меѓународната заедница, мегународните институции дека ќе ги респектираме новите вредности. Дел од тие вредности се овие уставни амаднмани. Со овој чин ние ќе направиме еден преседан, што се однесува до ветувањата до Меѓународната заедница и јавноста, во прв план. Зошто? Затоа што во Рамковниот договор, амнестијата ќе игра многу важна улога.

Владата на Република Македонија усвои една изјава на претседателот на Републиката, што се однесува до амнестијата и со тоа се покажа една јасна политичка волја дека навистина таа амнестија ќе се респектира од сите релевантни субјекти, особено тие кои го потпишаа Рамковниот договор. Ние сега со овој потег ја доведуваме во прашање токму ефективноста на амнестијата. Со овој преседан вечерва ние ќе ставиме многу прашалници, токму што се однесува до таа амнестија која навистина, иако ги усвоивме и ги прогласивме уставните амандмани, сепак тоа ќе игра една клучна улога во натамошна

релаксација на состојбите во Република Македонија. Ова го кажувам затоа што, навистина, вечерва ќе се избрза со потврдувањето на условите за неприсуство на пратеникот, на кој се однесува оваа седница, затоа што, сигурно нема да имаме можност да ги дознаеме тие причини за тоа неприсуство на седницата.

Ние како пратеничка група, поради овој преседан што се прави вечерва, поради тие прашалници, што се однесува до Законот за амнестија, ќе гласаме против одземањето на мандатот на пратеникот Хисни Шаќири.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Во име на Пратеничката група на ПДП сакам да го искажам размислувањето во врска со овој предлог.

Цениме дека во моментот кога тој се предлага, а поготово после усвојувањето на овие амандмани на Уставот, не е најповолниот момент да се расправа по оваа точка. Второ мислиме дека, сепак одземањето на мандатот на еден пратеник, во околностите во кои тоа се предлага, има своја политичка димензија која е врзана и со последните активности, а и со Рамковниот договор, во одредени моменти и мислам, како таква е избрзана. Добро би било, поради тоа што се работи за наш колега, сепак тој да дојде тука, да се ислуша и тој и после да се види зошто тој толку долго не присуствувал на седниците на Собранието и како е неговото размислување за натаму.

Следната причина што мислам дека не би требало да се усвои овој предлог е и поради фактот што сите знаеме дека после усвојувањето на амаднманите, како дел од анексот "А" на Рамковниот договор следат и други мерки, што ги викаме мерки за взаемна доверба, што мислам дека треба да одат во прилог, не само за взаемната доверба, туку на градење на таа доверба и давање примери како тоа да се направи на најдобар начин.

Јас мислам дека Парламентот вечерва има една добра шанса, прво да направи еден таков чекор кон таа меѓусебна доверба. Мислам дека тоа би можел да го направи со неодлучувањето вечерва и да се остави тоа во една друга прилика, кога мислиме дека би можело и самиот пратеник предложен за одземање на мандатот, да го каже своето мислење. Инаку се добива впечаток дека, после една работа како што е усвојувањето на амаднманите, како да се сака по секоја цена оваа работа да има еден свој курбан, една жртва. Таа жртва вечерва треба да падне со тоа што на господинот Хисни Шаќири ќе му се одземе мандатот. Мислам дека тоа ниту е добар пример, ниту е добра пракса во таков момент тоа да се направи. Затоа ние како пратеничка група и како колеги на госпдинот Шаќири, без разлика дали тој се вика Хисни или поинаку, и од колегијални причини, и за било кој друг пратеник, јас лично и Пратеничката група на ПДП не би гласале. Поради тоа јас како пратеник ќе гласам против такво изјаснување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, јас ќе го кажам мојот став што го кажав и на координацијата, кога разговаравме координаторите на пратеничките групи. Кога разговаравме околу ова прашање, се договоривме како што се договоривме и очигледно е дека некој сакаше да го избегне тој договор, иако договорот беше многу јасен. Неможам да сватам зошто е ова избегнување на тој договор. Но очигледно мене ми станува јасно зошто е тоа така. Тогаш од колегите, координаторите на ДПА и ПДП побарав, наместо, како сега колегата Азис Положани го искажа ставот дека ќе настојува да го слушне неговиот колега Хисни Шаќири зошто се одметнал, јас би го замолил господинот Азис Положани да постапи на друг начин.

Во име на довербата што треба да се гради помеѓу албанскиот дел од населението во РМ и македонскиот народ е токму тој да гласа, да му се одземе мандатот на господинот Хисни Шаќири затоа што господинот Хисни Шаќири јасно кажа дека, наместо со политички средства, се одметнува и зема пушка во рака, да остварува некакви права.

Тогаш ги замолив колегите пратеници од албанскиот блок, тие да бидат први да го покренат тоа прашање за да се справат со насилието во РМ и да дадат пример дека сите работи во РМ треба да се решаваат со политички а не со воени средства. Од тој аспект гледано, сега не можам да го сватам наглиот заокрет во размислувањето и дејствувањето на колегите пратеници од албанскиот блок. Доколку сакаме да градиме доверба, мислам дека тие треба да бидат тие што ќе го повлечат првиот и најважен потег во овој момент, тие да се оградат од оние кои наместо пенкало во рака, земале пушка за да ги решаваат проблемите.

Господинот Азис Положани не беше на таа координација. Присутни беа господинот Замир Дика и господинот Насер Зибери, кога токму на таа тема разговаравме горе. Ако сега ние ги изгласавме уставните промени, како што ги изгласавме, зарем вие не мислите колеги почитувани дека треба вие да се оградите од насилството што се спроведува во РМ. Мислам дека сега е прилика тоа вие јавно да го кажете. Значи сакам да кажам како треба да се бориме за мирно решавање на кризата и ако тоа го сакаме тогаш треба тие кои се најповикани и кои, да кажеме во одредени моменти се присутни таму каде што земаат оружје, треба токму против таквите луѓе да се борат. Од тој аспект гледано, јас ги молам колегите пратеници албанци

сериозно да размислат како ќе гласаат по ова прашање. На тој начин тие самите ќе се дистанцираат од сите оние кои ги применуваат другите средства за решавање на било какви проблеми во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува господинот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Мислам дека овде не се работи за тоа со какви средства треба да се постигнуваат одредени цели. Ние имаме еден политички договор. Ние во ова Собрание многу конструктивно донесовме уставни амаднмани, со 94 гласа зашто имаше конструктивна дебата и се обидовме да добие на квалитет тој политички договор во кој сите ние како политички партии за иднината на Република Македонија. Сега, токму во тој политички договор има напишано правила, а едно од тие правила е амнестијата, за сите тие луѓе кои учествуваа во таа криза да се реинтегрираат во ова општество. Ако ние ја прифатиме логиката на претходниот говорник дека сите тие треба да бидат надвор од општеството, да не се интегрираат во ова општество, тогаш каква цел сме постигнале. Уставните амаднмани се една апстрактна норма која треба да биде проследена, со реални, пишани мерки за враќање на довербата. Затоа мислам дека таквите конструкции не држат. Јас зборувам за конкретни работи кои ги имаме потпишано и кои навистина ќе ни донесат постабилна, посигурна, побезбедна и подобра иднина на сите граѓани на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Тежината на одговорноста на колегата Хисни Шаќири е дотолку поголема што тој е три мандати пратеник во Собранието на РМ. Тоа е првата работа, иако по тој основ не е ставено тука на разгледување неговото неучество во работата на Собранието. Овде се расправа за неговото отсуство од Собранието од шест месеци, а сето тоа е поради искажана заложба дека ќе оди во редовите на УЧК да се бори за некакви си права. Од тој аспект гледано мислам дека постојат два начина да му се одземе мандатот.

Првиот начин е заради неучество во работата на Собранието, со негово отсуство повеќе од шест месеци.

Второто е заради недостојност за вршеше на функцијата пратеник во Собранието на РМ.

Ние по тој основ не разговаравме. Разговаравме по основ на негово отсуство повеќе од шест месеци. Меѓутоа, без оглед на тоа по кој основ да земете, мислам дека и двата основи се доволно силни мотиви за да му се одземе мандатот на колегата Хисни Шаќири.

Нема повеќе да дискутирам. Не вреди повеќе да се јавувам за реплики. Така да немам намера никому повеќе да му реплицирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Јас повеќе пати без спомнат. Ќе се обидам накратко да му одговорам на господинот Спанаков.

Господинот Спанаков не повикуваше нас и мене лично да докажам за поддршка на таа доверба преку обратна акција.

Господине Спанаков, секој потег, секоја паметна одлука и акција има свој принципи. Јас незнам таков принцип кој може да гради доверба со одземање и исклучување. Јас знам принцип за доверба кој може да се гради, со приближување. Јас тука не гледам таков чекор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, колеги пратеници, со целата почит кон дискусиите од претходните говорници. Ќе продолжам таму каде што застана госопдинот Спанаков. Три месеци дискутиравме за измените на Уставот на РМ и тие се направија.

Една од основните премиси од колегите пратеници албанци кои зборуваа беше, колку што се сеќавам рамноправност. Со ова што сега се случи, ние сме потполно рамноправни. Принципот на толкувањето на правната држава, така што на некому му одговара од позиции како што си замислуваат, веќе не важи и не треба да важи. Мислам дека тоа беше и мислата на господинот Спанаков. Правната држава важи за сите. Амнестијата воопшто нема врска со оваа работа. Овде ситуацијата е сосема јасна. Еден пратеник кој и според Деловникот на Собранието на РМ шест месеци не е во Собранието, по тој основ апсолутно му престанува мандатот на пратеник. Не е коректно сега повторно да се бара некаква повластица од позиција на незнам какви позиции уште кажано, дека некој ќе оди курбан. Треба да бидеме согласни, ако навистина сакаме правна држава и ако навистина сакаме фер и коректни односи, треба веднаш да почнеме и така да се однесуваме. Тука е сосема јасна работата. Другото е се еквибрилистика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

После усвојувањето на уставните амаднмани прашање е и на целисходноста воопшто да се зборува. Јасна е уставната определба. Мене ме чуди што ние такво нешто не спроведуваме веднаш, односно не сметаме дека тоа е обврска на пратениците на пратеничкиот

дом. Неминовно да се состане доколку се исполнети уставните определби за одземаше на мандатот. Не шест месеци, поминаа осум, ако не и повеќе месеци, а Парламентот не најде сили да го усвои тоа. Сега, еве гледаме опструкции. Заправо опструкциите се етнички мотивирани. Сега тие кои не сакаат да помине ова одземање на мандат ќе се повикуваат на различни формулации па и од Рамковниот договор. Нормално тоа не фаќа место. Но добро е за да се одолговлекува.

Јас мислам пропуштивме и многу добра можност, во текот на уставните измени да внесеме квалитетни промени од аспект на функционалност, онака како што даде господ да се внесе односно да се симне кворумот за водење на дебата. И ова прашање можеше да биде апсолвирано со амандманите што сега ги гласавме. Вака во еден, во два часот после полноќ доцна е. Јас стојам зад тоа што е запишано во Уставот, неприсуство подолго од шест месеци повлекува губење на мандат. Тука не станува збор за амнестија, затоа што господинот Шаќири бил во УЧК. Тука едноставно станува збор за симнување на мандатот. Мислам дека тоа е и многу благо формулирано и ако помине вака тоа е добронамерно токму кон него. Обратното пак, Собранието да заклучи да не го одземе мандатот, тогаш воопшто ќе се постави прашањето кој во оваа држава и заради што е обврзан да почитува и норми и закони и прописи. Утре сите ќе можат да се однесуваат така како што се однесе господинот Хисни Шаќири.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ**:

Господине претседателе, колеги пратеници, ако вака се договара амнестијата, како што некој колеги ни предочија, ако така се договарала во тие разговори што се водат, се отвора едно прашање. Дали е тоа интеграција во општество ако се амнестираат оние што пукале и што убивале, и што се случува со оние што се во затворите за ситни сообраќајќи. Дали и тие треба да ги амнестираме да бидат и тие амнестирани во опшеството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е предмет на расправа амнестијата.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Затоа што не е предмет, за тоа и зборувам. Тогаш, не треба да дискутираме за амнестијата и да поврзуваме со дневниот ред. Значи, зборуваме за пратеник кој што ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе има многу амнестирани.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Точно така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не значи ако е амнестиран од затвор да не иде, да мора да биде пратеник. Тој си е истеран како пратеник...

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Токму тоа сакав да кажам. Па, не е лошо, ако вака ја тераме работата, тогаш сите од затвор да ги извадиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амнестијата на страна. - Господин Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине претседателе, само кратко ќе кажам нешто. Мислам дека ова е извонредна можност, шанса да види македонската јавност, меѓутоа и пошироката меѓународна јавност, која што толку многу ни се мешаше во внатрешните работи и толку многу не притискаше да донесеме промени на Уставот, на само 5 минути после промена на Устав, за кој што знаете низ какви голготи поминавме, имавме на дневен ред прашање кое што е утврдено, легитимно, гласано како дневен ред од пратеници од овој пратенички состав и прашање за кое што се, исто така, потребни 2/3. Прашање, кое што за пратениците нема ниту можност, ниту право да има политичка димензија. Затоа што, тоа е прашање поврзано со Деловникот за работа на Собранието и со Уставот. Тоа се работи кои што треба да им бидат јасни на секој пратеник и нема потреба да се дава политичка димензија на целиот овој случај. Затоа, мислам дека не може да се нарече пратеник кој што по сопствена волја претходно бил 10 години пратеник, рече дека ќе го напушти ова Собрание, како рековме, жртва, курбан или незнам што. Едноставно, мислам дека ние треба да си ја завршиме нашата работа и да видиме, ако ние бевме конструктивни и поднесовме незнам какви жртви, низ незнам што поминавме, да видиме сега малку жртва и од другата страна за работа која што е сосема нормална. Како што веќе некој рече, а не може да стане збор за амнестија, не можеме да дискутираме за амнестија, затоа што овој случај не подлежи на амнестија, а амнестијата може да се дискутира или да се применува врз човек надвор од Собранието. Ова е чисто собраниска работа која што мислам дека мора да ја решиме тука. Напротив, ако не ја решиме, како што ми се чини дека нема да ја решиме, ќе видиме дека ова навистина може да се нарече како гол во 30 секунда и една непринципиелност што денеска ќе се манифестира како неподдржување на нормална собраниска работа и нормална процедура утврдена со Устав и Деловник, а уште можеби со продолжување на војната. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам г. претседателе, јас немав намера, ниту таков менталитет да зборувам за жртви кој како дава, мислам дека тоа е некоректно на таков начин да ги мериме работите, јас само на

некои дискусии од некои пратеници сакав да пренесам дека не треба да се однесуваме дека е многу лесно да се одзема мандат на еден пратеник. Ни г. Јордан Бошков, ни г. Љупчо Анушев, ниеден од вас не му го дал мандатот на еден пратеник. Даватели на мандат на пратеник се избирачите, граѓаните, судбините на луѓето. Затоа, не е лесно да се одзема мандат на еден пратеник, особено за неприсуство 6 месеци во една седница. Поради тежината на пратеникот, беа и нашите сугестии да не се избрза, исто така, земајќи предвид дека навистина ова е поврзано со амнестијата на тие луѓе кои учествуваа во оваа криза. Интенцијата на политичките фактори, одговорни и релевантни и сугестиите на Меѓународната заедница беа дека тие луѓе треба да се обидеме да ги интегрираме во ова општество и засекогаш да најдеме еден мир, стабилност и просперитет во оваа држава. Значи, во тоа име, ние нема да гласаме за одземање на мандатот на пратеникот Хисни Шаќири.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, се јавувам од принципиелни причини, зашто пред малку кога разговаравме за деловничките забелешки кои што ги имавме по однос на усвојувањето на амандманите, исто така, сега се јавувам сосема во врска со Деловникот. Не со намера Собранието да го претвориме во суд кој што ќе изнесува некакви пресуди спрема некого, туку чисто во спроведување на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

Имајќи го предвид фактот дека нашево Собрание има и Комисија за деловничко-имунитетни прашања која што заседавала по однос на точката која што ни е денес на дневен ред, познавајќи го составот на Комисијата и ставот кој што го има завземено во однос на ова прашање, ми се чини согласно Деловникот на Република Македонија, ние треба само да постапиме според Деловникот. А, во однос на други прашања кои што се во надлежност на правната држава на Република Македонија.

Затоа, чисто принципиелно дискутирам, не сакам да го политизирам ова прашање. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој натаму не бара збор, го заклучувам претресот.

На гласање не можеме да одиме, бидејќи има помалку од 80 пратеници, а тоа е неопходно да има 80, бидејќи со 80 пратеници се разрешува. Како што гледам во салата нема доволно пратеници.

(Пратениците реагираат на тоа и констатираат дека има 80 пратеници).

Ве молам, нека влезат пратениците во салата. Викнете ги тие што се надвор да влезат во салата.

Одземање на мандат на пратеник Собранието одлучува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

**ЗАМИР ДИКА:**

Претседателе, ние очигледно немаме 10 пратеници за подоцна да побарам изјаснување поединечно, барам ако можете од службите барем да ги повлечат картиците од тие места каде што нема пратеници и да почнеме да донесуваме со новиот Устав веродостојни одлуки. Секако, ако ни дозволите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот за одземање на мандатот на пратеникот Хисни Шаќири. Молам, во што е сега работата.

(Претседателот прашува зошто пратениците реагираат).

Што е сега процедурално, ве молам, седете и дајте да видиме како одат работите.

Предлогот за одземање на мандатот на пратеникот Хисни Шаќири го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 88 пратеници, за гласале 85 пратеници, ниеден пратеник не гласал воздржано, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието му го одзеде мандатот на пратеникот Хисни Шаќири.

Бидејќи, пратеникот Хисни Шаќири беше избран од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа, на кој пратеник да му се верифицира мандатот за пратеник.

Тука ќе прекинеме со работа. - Утре нема седница, односно нема седница.

Утре е сабота и сите ве поканувам, телеграми добивте, за прием по повод 10-години од Уставот.

(Седницата заврши со работа во 0,2 часот)